ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАН СОСТАНОК НА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

Состанокот се одржа на 15.02.2023г. (среда) во просториите на општина Крива Паланка, т.н мала сала со почеток од 12:00 часот.

На состанокот беа поканети членови на Локалниот економски совет на општина Крива Паланка формиран на 23.01.2023 година, по пат на електронска пошта, смс пораки и по пат на телефон. Исто така присуствуваа Антонио Давитковски Секретар на општина Крива Паланка, Маја Костадиновска Раководителката на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, Сашко Додевски Виш соработник за планирање и следење на ЛЕР и Лилјана Стојановска одговорна за односи со јавност.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-805/2
17.02 2023 год.
КРИВА ПАЛАНКА

Прилог:
- Покана со Дневен ред.
- Решенија за формирање на Локален економски совет на Општина Крива Паланка бр.08-805/1 од 07.02.2023 година.
- Деловник за работа на Локалниот економски совет на општина Крива Паланка.

Состанокот го отвори и го водеше градоначалникот на општина Крива Паланка Сашко Митовски.

Најнапред беше констатирано дека постои кворум за работа односно на состанокот присуствуваат 16 членови од вкупно 20.

Предложениот дневен ред беше ставен на гласање и истиот со 16 гласа за беше едногласно усвоен.

**Точка 1)** На присутните членови на ЛЕС им беа доделени Решенија за формирање на Локален економски совет на Општина Крива Паланка бр.08-805/1 од 07.02.2023 година.

**Точка 2)** Предлог текстот на Деловник за работа на Локалниот економски совет на општина Крива Паланка беше ставен на разгледување и истиот беше презентиран од страна на Сашко Додевски, Виш соработник за планирање и следење на ЛЕР во општина Крива Паланка.
Бидејќи немаше дискусија по однос на предлог текстот истиот беше ставен на гласање.
Со 16 гласа за Деловник за работа на Локалниот економски совет на општина Крива Паланка беше.

**Точка 3)** Градоначалникот на општина Крива Паланка, Сашко Митовски ги информираше присутните за тековните активности на општина Крива Паланка. Во образложение на активностите околу ГУП и ДУП се вклучи раководителката на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, Маја Костадиновска.
Во рамки на Точка 3 беше отворена дискусија при што од страна на членовите на ЛЕС беа поставувани прашања.
- Кои се плановите за населба Бегови Бавчи во рамки на иницијативата за реконструкција на обиколница – патен правец А2.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

- Дали постојат можности за поставување на јавно осветлување, заштитна ограда и изградба на пешачка патека на потегот од Стамболици до клучката на влез на Крива Паланка, како и множност за прекатегоризација на истиот во локален пат;
- можност за осветлување на градските гробишта;
- изнаоѓање на решение за свлечиштето во с.Дурачка Рек;
- предлог за изградба на сервисна улица и изградба на речно корито на Дурачка Река во населба Маневци;
- до која фаза се активностите за пуштање во употреба на фабриката за вода во с.Станци.

Дискусија беше отворена и во однос на недостигот на работна сила како и потребата од промена на законската регулатива со олеснување на моќностите за вработување на лицата кои не наполнле 18 години како и работно ангажирање на пензионери.

Во рамки на дискусијата исто така беше нагласена потребата од мотивирање на учениците да се запишуваат во СОУ Ѓорче Петров во стручните насоки.

При крајот на состанокот Градоначалникот упати апел до бизнис заедницата за вложување во туризмот и заедничка туристичка понуда.

Состанокот заврши во 13:30 часот.

Записничар:
Сашко Додевски

Одобрил:
Градоначалник на општина Крива Паланка
Сашко Митовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА